РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-179/2
07-08-2024

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на продолжението на 8-та седница, одржана на 01.08.2024 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата за покренување постапка за утврдување состојба на судир на интереси заведена под број 09-179/1 од 11.01.2024 година, против _________, вработена во Државниот ______________, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека наводите од пријавата се поврзани со надлежно постапување на друг орган, односно Државниот инспекторат за труд, кој постапува во конкретниот случај.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 11.01.2024 година, поднесена е пријава за судир на интереси против ____________, вработена на работно место Раководител на одделение за развој, управување со кариера и перформанси на вработени во Секторот за човечки ресурси во Државниот ____________и оформен е предмет број 09-179/1 од 11.01.2024 година. Во пријавата, подносителот наведува дека до Државниот ______________ е поднесена Иницијатива од страна на група на вработени во ____________ со ИП1 бр. 0907-1541 од 10.10.2023 година, со која се барало да се изврши вонреден инспекциски надзор кај правниот субјект Агенција __________ и да се утврди по кој основ пријавеното лице било ангажирано кај истиот правен субјект за изработка на функционална анализа, дали има договор, во кој период работела кај него и слично, со оглед на фактот дека за тој ангажман добила и надомест од 4000 ЕУ од страна на Агенција _____________________.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Заради утврдување на наводите изнесени во иницијативата, а во согласно со член 71 став 1 од Законот за инспекциски надзор, Државниот __________ постапил по истата и констатирал дека лицето ________________ во период на привремена спреченост од работа склучила договор и вршела работа за корисникот Агенција ____________ со што сторила потешка повреда на службената должност и угледот на институцијата каде што работи, односно Државен __________. Оваа повреда е утврдена како дисциплински престап од член 73 став 1 точка 14 (злоупотреба на боледување) од Законот за административни службеници. За таа цел е поведена дисциплинска постапка за сторен дисциплински престап утврден во истиот член од Законот за административни службеници.

Државниот __________ информира дека ќе побара од Фондот за __________ известување и потврда за регуларноста на Извештаите за спреченост на работа кои се користат од страна на лицето _____________-.

Според пријавителот, а во врска со претходно изнесеното, постои и состојба на судир на интереси кај административниот службеник ____________, која како вработена на работно место Раководител на одделение за развој, управување со кариера и перформанси на вработени во Секторот за човечки ресурси во Државниот __________, вршела работи и работни задачи кај работодавачот Агенција ____________-, а истите работи и работни задачи ги извршува за плата како вработена во Државниот __________.

Согласно член 2 став (3) од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси под судир на интереси се подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во конкретниот случај не може да се констатира состојба на судир на интереси согласно цитираниот член од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси со оглед на тоа дека приватниот интерес што го остварило лицето ____________ не влијае врз непристрасното вршење на неговите службени должности, односно се работи за стекнување на финансиски интерес во друга институција, кај друг работодавач.

Имено, лицето _________- со остварувањето на финансиски интерес ги повредила одредбите од други материјални закони кои се сметаат за повреда на службената должност и угледот на институцијата каде е вработено лицето. Во случајот се прекршени одредбите од Законот за административни службеници, односно се работи за злоупотреба на боледување, за која повреда постапува надлежниот орган Државен _____________-, со поведување на дисциплинска постапка за сторен дисциплински престап од член 73 став 1 точка 14 (злоупотреба на боледување) од Законот за административни службеници.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

ДКСК утврди дека нема елементи за нејзино надлежно постапување по предметот согласно членот 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, по истиот предмет се води постапка пред надлежен орган.
Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Татјана Димитровска

По заклучок од седница на ДКСК:
Изготвил: м-р С.М – советник
Контролирал: К.З - раководител
Одобрил: м-р Ц.Р. – член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk